**20232614543**

Врз основа на член 158-ѕ точка 1 од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр.27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/19,31/20 и 173/22 ), а во врска со член 11 став (7) и член 151 став (1) алинеја 2 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/22), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 28.11.2023 година, донесе

# УПАТСТВО ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРОЦЕНКА НА РИЗИК ОД ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ ТЕРОРИЗАМ ЗА СУБЈЕКТИТЕ ПОД НАДЗОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

## ГЛАВА I

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со ова упатство се утврдуваат начинот и постапките за вршење проценка со ризикот од перење пари и финансирање на тероризам од страна на друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурување, осигурителните брокери и застапници во осигурување, кога вршат работи на осигурување на живот со штедна и/или инвестициска компонента и други поврзани осигурувања со штедна и/или инвестициска компонента, односно вршат работи на застапување во осигурување или осигурително брокерски работи при склучување на договори за осигурување на живот со штедна или инвестициска компонента и други поврзани осигурувања со штедна и/или инвестициска компонента (во натамошниот текст: договори за осигурување на живот), а врз кои Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) врши надзор над примената на мерките и дејствијата утврдени со Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (во понатамошниот текст: ЗСППФТ).

(2) Друштвата за осигурување кои имаат дозвола за вршење работи на осигурување во групата на осигурување на живот и осигурително брокерските друштва кај кои процентуалното учество на бруто полисираната премија за осигурување (во понатамошниот текст: БПП) на живот во вкупната БПП за која друштвото посредувало е повеќе од 10% со состојба на 31 декември во изминатата деловна година (во натамошниот текст: субјекти) се должни самостојно и во целост да ги спроведуваат сите процедури согласно ова упатство.

(3) Осигурително брокерските друштва кои не се опфатени во став (2) на овој член, друштвата за застапување во осигурување како и осигурителните брокери и застапници во осигурување кога вршат работи на застапување во осигурување или осигурително брокерски работи при склучување на договори за осигурување на живот (во натамошниот текст: индиректни субјекти), ги спроведуваат процедурите од ова упатство во соработка со субјектите од став (2) на овој член и заеднички спроведуваат проценка на ризиците за ПП/ФТ.

(4) Согласно Законот за супервизија на осигурување, работи на застапување во осигурувањето може да врши и банка која добила дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето од Народната банка. Народната банка ќе издаде дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето само врз основа на претходна согласност од Агенцијата. Банките кои се застапници во осигурување мораат да го почитуваат ЗСППФТ и целосната регулатива на НБРМ во врска со СППФТ.

(5) Основни цели на ова упатство се:

- да придонесе кон единствено разбирање на пристапот заснован врз ризици на ниво на субјект;
- да му помогне на секој субјект/индиректен субјект поодделно во дефинирање на профилот на ризик на ниво на субјект заради преземање мерки и дејствија пропорционални на природата, големината и комплексноста на активностите кои ги извршува;
- да му помогне на секој субјект/индиректен субјект да ги насочи ресурсите и активностите на субјектот/индиректниот субјект во делот на спречување на перење пари и финансирање на тероризам (во понатамошниот текст: „ПП/ФТ") соодветно на утврдените закани, слабости и заклучоци утврдени со Националната проценка на ризикот од ПП/ФТ, со цел да го поддржи спроведувањето на Националната стратегија за борба против ПП/ФТ.

(6) Одделни изрази употребени во ова упатство го имаат следново значење:

1. „Проценка на ризик" е процес каде што субјектот/индиректниот субјект преку користење фактори на ризик го утврдува инхерентното ниво на ризик на ниво на субјект. Тоа е пристап со кој надлежните органи и субјектите/индиректните субјекти го идентификуваат, проценуваат и разбираат перењето пари и ризиците за финансирање на тероризам на кои се изложени субјектите и индиректните субјекти и преземаат мерки за спречување на ПП/ФТ, кои се пропорционални на тие ризици;
2. „Национална проценка на ризикот" е сеопфатен процес на идентификација и анализа на ризиците од ПП/ФТ и финансирање на ширење на оружје за масовно уништување (финансирање на пролиферација) и други релевантни ризици во одредена држава, заради развивање на соодветни мерки за спречување на ПП/ФТ и ефикасна алокација на расположливите ресурси со цел контрола, намалување или елиминирање на утврдените ризици и унапредување на системот за спречување на ПП/ФТ;
3. „Фактори на ризик" се фактори кои сами или во комбинација, можат да го зголемат или намалат ризикот од ПП/ФТ предизвикан од одреден индивидуален деловен однос или повремена трансакција. Врз основа на факторите може да се спроведе проценка на ризикот од ПП/ФТ на ниво на субјект, како што се видови на клиенти, осигурителните производи /услуги/трансакции, канали на дистрибуција и географски подрачја;
4. „Закани во контекст на ПП/ФТ" се извори на инхерентниот ризик по поодделен фактор на ризик на ниво на субјект;
5. „Ранливост во контекст на ПП/ФТ" го подразбира квалитетот на интерните акти (политики и процедури), активностите на овластеното лице/одделот и на системот на внатрешна контрола на ниво на субјект заради спречување или намалување на заканите од ПП/ФТ;
6. „Ризик од перење пари и финансирање на тероризам" е опасноста субјектот/индиректниот субјект да биде злоупотребен за ПП/ФТ или дека одреден деловен однос, трансакција или продуктот ќе биде непосредно или посредно искористен за ПП/ФТ;

7. „Мерки за спречување перење пари и финансирање на тероризам“ се подразбираат мерките и дејствијата пропишани во ЗСППФТ;

8. „Инхерентен ризик од ПП/ФТ“ подразбира почетно ниво на ризик коешто произлегува и е поврзано со типот на клиентот и неговата земја на потекло, природата на деловниот однос кој треба да се воспостави и осигурителните производи или услугите и каналите на дистрибуција, без притоа да се имаат предвид какви било контролни механизми воспоставени во субјектот/индиректниот субјект кои имаат за цел да ги намалат веројатноста за настанување и влијанието на ризикот;

9. „Агрегатен ризик од ПП/ФТ“ се подразбира ризикот од ПП/ФТ откако субјектот/индиректниот субјект применил соодветен систем на внатрешна контрола кој има за цел да ги намали веројатноста и влијанието на нивото на инхерентниот ризик од ПП/ФТ;

10. „Оддел за спречување ПП/ФТ“ се подразбира организациската единица којашто е должна да ја формира субјектот/индиректниот субјект, согласно со ЗСППФТ;

11. „Овластено лице“ се подразбира лицето или раководителот на Одделот за спречување на ПП/ФТ, односно лице вработено во субјектот/индиректниот субјект и назначено од органот на управување на субјектот/индиректниот субјект, кое се грижи за спроведување на мерките и дејствијата за спречување на ПП/ФТ;

12. „Географски ризик“се подразбира ризикот кој произлегува од земјата или територијата каде што се наоѓа седиштето на клиентот, неговото живеалиште или местото на живеење на неговиот вистински сопственик, односно земјата во која се наоѓа лицето со кое клиентот или неговиот вистински сопственик ја врши трансакцијата;

13. „Офшор финансиски центар“ се подразбира земјата или територијата која што обезбедува финансиски услуги на нерезиденти во обем кој е непропорционален со големината и финансиската моќ на националната економија. Притоа, субјектот треба да ги има предвид најмалку листите на офшор финансиски центри на ММФ и ОЕЦД;

14. ,,Трансакција” во осигурителната дејност подразбира уплата на премија и исплата на осигурена сума при доживување или исплата при штетен настан, аванс/заем или откуп на полисата за животно осигурување;

15. „Повремени трансакции“се подразбираат трансакции кои се извршуваат надвор од деловниот однос;

16. „Невообичаена трансакција“ се подразбира трансакција или активност којашто не е во согласност со трансакциите, работењето или професионалниот профил и/или економскиот профил на засегнатото лице или вистинскиот сопственик, или нема очигледен економски, деловен или личен мотив;

17. ,,Клиент” е физичко или правно лице кое има склучено договор за осигурување на живот со штедна и/или инвестициска компонента и други поврзани осигурувања со штедна и/или инвестициска компонента (осигуреник, договорувач, корисник на осигурувањето во случај на доживување).

(7) За сè што не е дефинирано со ова упатство, соодветно се применува значењето на термините утврдени со ЗСППФТ.

(8) Субјектот/индиректниот субјект е должен да применува пристап заснован врз ризици при проценката на ризикот од ПП/ФТ на ниво на субјект/индиректен субјект.

(9) Субјектот/индиректниот субјект ги вклучува резултатите од спроведената проценка на ризикот во политиките, процедурите и останатите интерни акти.

(10) При спроведувањето на проценката на ризикот, субјектот/индиректниот субјект ги презема следниве активности:

- ја документира својата проценка на ризик;

- ги зема предвид сите фактори на ризик пред да го утврди нивото на ризик и видовите мерки кои треба да се спроведат со цел да се намали утврдениот ризик;
- ја ажурира проценката на ризик најмалку еднаш годишно;
- воспоставува механизми за соодветно чување на податоците и
- дава објаснување за спроведената проценка на ризик на барање на органите на субјектот.

## ГЛАВА II
## УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ ОД ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

Член 2

(1) Управувањето со ризикот од ПП/ФТ е дел од целокупниот систем за управување со ризиците во согласност со барањата од Законот за супервизија на осигурување (во понатамошен текст: ЗСО) и ЗСППФТ.

(2) Заради соодветно управување со ризикот од ПП/ФТ, субјектите/индиректните субјекти се должни да:

- изготват, усвојат и применуваат политика или програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам (во понатамошниот текст: Програма за спечување на ПП/ФТ) и
- воспостават соодветна организациска поставеност за управување со ризикот од ПП/ФТ.

### **Програма за спречување на ПП/ФТ**

Член 3

(1) Со Програмата за спречување на ПП/ФТ се определуваат правилата, процедурите и постапките за примена на мерките и дејствијата за спречување на ПП/ФТ кои ги опфаќаат следниве активности:

- цели, обем и начин на работа на системот за СППФТ на субјектот/индиректниот субјект;
- организациска структура на субјектот/ индиректниот субјект, позиција на овластеното лице и неговиот заменик во организационата структура;
- податоци за овластеното лице и неговиот заменик;
- овластувања и одговорности на овластеното лице и неговиот заменик;
- овластувања и одговорности на сите вработени во субјектот/индиректниот субјект кои учествуваат во спроведувањето на одредбите на овој закон и подзаконските акти донесени врз негова основа;
- заклучоци од спроведената проценка на ризик и начин на управување со ризик од ПП/ФТ;
- мерки на анализа на клиентот и на неговите трансакции при воспоставување и следење на деловниот однос со тој клиент;
- дефинирање на клиентите кои се прифатливи за субјектите/ индиректниот субјект;
- начин на препознавање на невообичаени трансакции кај кои постои сомневање за ПП/ФТ;
- начин на воспоставување на внатрешен механизам за навремено и адекватно известување;

- начин на чување на податоците и документи;
- начин на доставување извештаи до Управата;
- план за постојана обука на вработените во субјектите за реализација на најмалку две обуки во текот на годината од областа на спречување на ПП/ФТ;
- план на субјектот за постојана обука на индиректните субјекти – физички лица и на одговорното лице за СППФТ во индиректните субјекти - правни лица од областа на СППФТ која обезбедува реализација на најмалку две обуки во текот на годината;
- процедура и план на вршење на внатрешна контрола на спроведувањето на мерките и дејствијата за СППФТ сразмерни на големината и видот на субјектот/индиректниот субјект;
- скрининг процедури при вработување и за вработените со цел да се обезбедат високи стандарди за СППФТ;
- за субјектите/индиректните субјекти кои имаат обврска за формирање на посебен оддел согласно со ЗСППФТ, програмата треба да содржи и елементи за независна ревизорска функција за тестирање на целокупниот внатрешен систем за СППФТ во зависност од големината и природата на дејноста на субјектот;
- задолжителна идентификација на вистинскиот сопственик на клиентот и верификација на неговиот идентитет во зависност од нивото на ризик;
- утврдување категоријата на ризик, согласно со критериумите и елементите за анализа на ризикот од Глава III од ова упатство;
- идентификување и верификување на идентитетот на клиентот кој е НЈФ и
- идентификување и верификување на клиентот правно лице во чија сопственичка структура се јавува НЈФ.

(2) Субјектот е должен за секоја од активностите од став (1) од овој член да дефинира податоци и/или документација со кои ќе овозможи примена на мерки за спречување на ПП/ФТ пропорционално на ризикот од ПП/ФТ на кој е изложен субјектот.

(3) Индиректниот субјект е должен во Програмата за спречување на ПП/ФТ да ги вклучи оние елементи од став (1) од овој член кои соодветствуваат на неговите обврски дефинирани во член 23 од ова упатство.

(4) Правилата, процедурите или постапките за активностите од став (1) од овој член можат да бидат изработени како посебни документи (интерни акти).

## Организациска поставеност

Член 4

(1) Соодветна организациска структура за управување со ризикот од ПП/ФТ подразбира:
- дефинирани надлежности на одговорност на субјектот/ индиректниот субјект;
- дефинирани одговорности на овластеното лице, односно на Одделот за спречување на ПП/ФТ;
- дефинирање на одговорностите на сите вработени во субјектот и
- соработка и размена на информации меѓу овластеното лице, односно Одделот за спречување на ПП/ФТ и вработените во субјектот при управувањето со ризикот од ПП/ФТ.

(2) Од аспект на управувањето со ризикот од ПП/ФТ, а согласно ЗСО, надзорниот орган на субјектот/ индиректниот субјект ги врши најмалку следниве активности:

- усвојува програма за спречување на ПП/ФТ, го следи нејзиното спроведување, ја оценува нејзината соодветност , усогласеност и ефикасност, ги разгледува извештаите за ризикот од ПП/ФТ на кои е изложен субјектот/ индиректниот субјект и доколку е потребно ги засилува мерките за СППФТ кои ги презема субјектот/ индиректниот субјект;кај субјектите/ индиректниот субјект кои имаат обврска за формирање на посебен Оддел согласно ЗСППФТ, се грижи да се превиди независна ревизорска функција за тестирање на целосниот внатрешен систем за СППФТ, со динамика и опфат во зависност од големината и природата на дејноста на субјектот/ индиректниот субјект.

(3) Од аспект на управувањето со ризикот од ПП/ФТ, органот на управување на субјектот ги врши најмалку следниве активности:

- го воспоставува процесот за управување со ризикот од ПП/ФТ;
- врши контрола врз ризиците од работењето во областа на спречување на ПП/ФТ и презема соодветни мерки за управување со тие ризици;
- носи процедури за скрининг при вработување со цел да се обезбедат високи стандарди за спречување на ПП/ФТ;
- врши оценка на воспоставениот процес за управување со ризикот од ПП/ФТ;
- ги управува и ги следи процедурите за управување со ризикот од ПП/ФТ;
- воспоставува соодветен систем за известување;
- обезбедува соодветни технички и човечки ресурси на Одделот за спречување на ПП/ФТ;
- ги анализира извештаите кои Одделот за спречување ПП/ФТ (овластеното лице) ги доставува најмалку еднаш годишно и предлага мерки и дејствија за заштита од ризикот од ПП/ФТ;
- воспостава систем на внатрешна контрола во сите делови од работењето и
- ја следи ефикасноста на функционирањето на системот за внатрешна контрола во управувањето со ризикот од ПП/ФТ.

(4) Овластеното лице одговара за својата работа и за работата на Одделот за спречување на ПП/ФТ (доколку е формиран) пред органот на управување на субјектот/индиректниот субјект, а треба да му е овозможено да го известува надзорниот орган за значајните слабости, недостатоци или ризици кои ги идентификувал при вршењето на својата работа.

(5) Органот на управување на субјектот/индиректниот субјект е должен да обезбеди целосна независност и непречено работење на овластеното лице/вработените во Одделот, преку:

- обезбедување доволно човечки и материјални ресурси за независно, објективно и ефикасно извршување на работните задачи;
- издвоеност на активностите за спречување ПП/ФТ од другите активности на субјектот/индиректниот субјект кои не се поврзани со активностите за спречување на ПП/ФТ и контрола на усогласеноста на работењето со прописите кои го уредуваат спречувањето на ПП/ФТ;
- право на непречен пристап до електронските бази на податоци и непречен и навремен пристап до сите информации и до вработени кои се потребни за ефикасно спроведување на работните задачи;
- воспоставување начин на наградување на овластеното лице/Одделот за спречување на ПП/ФТ кој не е поврзан со успешноста на активностите кои се предмет на нивна контрола и
- дефинирање и перманентна контрола на извршувањето на обврските на индиректните субјекти.

(6) Органот на управување има обврска да го регулира процесот на соработка меѓу овластеното лице, односно Одделот за спречување на ПП/ФТ и останатите организациски единици во субјектот/индиректниот субјект, заради пропишување на обврските за примена на мерките за спречување на ПП/ФТ на сите вработени во субјектот/ индиректниот субјект.

(7) Овластеното лице/Одделот за спречување на ПП/ФТ ги врши најмалку следниве активности:

- прави анализа на ризикот од ПП/ФТ на кој е изложен субјектот/индиректниот субјект;
- ги прибира и ги анализира податоците, подготвува писмени извештаи и одлучува дали одделна невообичаена трансакција доставена од други организациски единици или од останатите вработени во Одделот за спречување на ПП/ФТ имаат карактеристики на сомнителна трансакција, односно донесува одлука за нивно (не)пријавување во Управата за финансиско разузнавање (во натамошниот текст: „Управата“);
- обезбедува информации и документација за сите трансакции пријавени во Управата, како и за сите невообичаени трансакции за кои било одлучено да не се пријават во Управата, вклучувајќи ги и причините поради кои била донесена таква одлука;
- ги следи измените во прописите и меѓународните стандарди за спречување на ПП/ФТ и дава препораки за ревидирање и унапредување на интерните акти, како и врши оцена на степенот на нејзината усогласеност со прописите кои се однесуваат на спречувањето на ПП/ФТ;
- дефинира категории, критериуми и елементи за управување со ризикот од ПП/ФТ, согласно со одредбите од Глава III од ова упатство;
- врши контрола врз работењето на одделните организациски единици во субјектот/индиректниот субјект од чие работење може да произлезе ризик од ПП/ФТ од аспект на проверка на спроведувањето на мерките и дејствијата за спречување на ПП/ФТ;
- редовно ги известува органот на управување и надзорниот орган за своето работење;
- ги советува органите на субјектот/индиректниот субјект за мерките кои треба да бидат преземени заради почитување на прописите од областа на спречувањето на ПП/ФТ;
- изготвува годишен план за постојана обука на вработените, на индиректните субјекти - физички лица и на одговорното лице за СППФТ во индиректните субјекти - правни лица, во делот за спречување на ПП/ФТ;
- посетува обуки и организира редовна обука на вработените, на индиректните субјекти - физички лица и на одговорното лице за СППФТ во индиректните субјекти - правни лица, вклучувајќи ги и членовите на органот на управување за сите аспекти значајни за соодветното спроведување на процесот на спречување на ПП/ФТ во субјектот и воспоставува насоки и упатства за соодветна примена на прописите од овој домен, вклучувајќи ги и индиректните субјекти;
- изготвува годишен извештај за сите спроведени обуки за спречување на ПП/ФТ на вработените, на индиректните субјекти - физички лица и на одговорното лице за СППФТ во индиректните субјекти - правни лица;
- ги обезбедува програмите за спречување на ПП/ФТ од сите осигурително брокерските друштва и друштва за застапување во осигурување со кои друштвото за осигурување на живот има склучено договор за соработка, и по барање на Агенцијата ги доставува до Агенцијата на увид;
- врши контрола дали секој прием во осигурување во друштвото за осигурување на живот, преку осигурително брокерските друштва или индиректните субјекти е комплетиран и со пополнет од брокерот/застапникот во осигурување Образец за проценка на ризик (Прилог 1) (во понатамошниот текст: Образец за проценка на ризик) и одржува редовни контакти со други органи и институции вклучени во активностите за спречување на ПП/ФТ (Управата, Агенцијата и слично).

(8) Овластеното лице и останатите вработени во Одделот за спречување на ПП/ФТ треба да имаат високи професионални стандарди и да имаат соодветно познавање на активностите на субјектот/индиректниот субјект кои предизвикуваат изложеност на ризик од ПП/ФТ.

## ГЛАВА III

## РИЗИЧНО БАЗИРАН ПРИСТАП

### Член 5

(1) Процесот на управување со ризикот од ПП/ФТ - ризично базираниот пристап (во понатамошниот текст: РБП) и неговиот опфат треба да им соодветствува на природата, големината и сложеноста на финансиските активности кои ги спроведува субјектот/индиректниот субјект, како и на нивото на ризик од ПП/ФТ утврдено од страна на субјектот/индиректниот субјект, согласно со одредбите на ова упатство. При утврдувањето на ризикот од страна на субјектот/ индиректниот субјект треба да се земат предвид резултатите од спроведената Национална проценка на ризикот од ПП/ФТ.

(2) При спроведувањето на РБП, субјектите треба да ги земат во предвид следниве чекори:

1. Распределување на одговорноста според РБП (во зависност од тоа колку субјектите ги спроведуваат веќе донесените мерки за намалување на ризикот од ПП/ФТ, и стручноста на овластените лица за ПП/ФТ);

2. Идентификација на ризикот од ПП/ФТ (флексибилност на субјектите при одлучувањата за најефикасниот начин за идентификација на ризикот од ПП/ФТ, пристап до точни и навремени информации за ризикот и размена на информации, како и развивање на иновативни техники за борба против ПП/ФТ почитувајќи ја правната рамка и законите во државата);

3. Проценка на ризикот од ПП/ФТ (субјектите треба да утврдат како идентификуваните закани ќе влијаат врз нив, да ги анализираат детално информациите за да ја разберат веројатноста за појава на овие ризици и влијанието на тие ризици врз друштвата за осигурување, посредниците, осигурениците);

4. Преземање на мерки за намалување на ризикот од ПП/ФТ (субјектите сами да одлучат за најсоодветниот и најефективниот начин за намалување на ризикот од ПП/ФТ што го идентификувале, да преземат засилени мерки за да ги ублажат ситуациите каде ризикот е поголем, како и да преземат поедноставни мерки онаму каде ризикот е помал).

(3) Процесот на управување со ризикот од ПП/ФТ од став (1) од овој член, треба да го даде агрегатното ниво на ризик од ПП/ФТ на ниво на субјект, имајќи ги предвид категориите на ризик на сите клиенти, осигурителни производи, услуги и трансакции што се извршуваат во субјектот.

(4) Субјектот треба да го ревидира своето агрегатно ниво на ризик од ставот (1) од овој член најмалку еднаш годишно.

(5) Овластеното лице е должно најмалку еднаш годишно да изработи извештај за агрегатното ниво на ризик од ПП/ФТ на кој е изложен субјектот и да го достави до надзорниот орган на субјектот.

(6) При процесот на управување со ризикот, субјектите имаат обврска за примена на ефективни контроли за спречување на ПП/ФТ и да му ја демонстрираат на надзорниот орган ефективноста на имплементираните контроли за спречување на ПП/ФТ, која треба да биде сразмерна со идентификуваните ризици. Во врска со проценката на ризикот, треба да се има предвид дека ризиците можат да бидат ниски, средни и високи со можни комбинации во различни категории средно-високи, ниски-средни и сл. и за истите и подетално за проценката на ризикот опишано е во натамошните делови од ова упатство.

(7) Индиректниот субјект спроведува ризично базиран пристап за целите на СППФТ преку пополнување на Образец за проценка на ризик и негова достава до субјектот.

**Анализа на клиентот и процена на нивото на ризик на клиентот**

Член 6

(1) Секој субјект пред да воспостави деловен однос или да изврши повремена трансакција, треба да изврши анализа на клиентот согласно член 13 и член 16 став (3) од ЗСППФТ во следниве случаи:

1) при воспоставување на деловен однос со клиентот: при воспоставување на деловен однос со нов клиент, покрај основните податоци за идентификација, се обезбедуваат и следните податоци и информации:

- дејност која клиентот ја врши;
- управител и овластени лица за застапување на целото правно лице;
- сопственичка структура – утврдување на вистинскиот сопственик и
- Образец за проценка на ризик од брокерот/застапникот во осигурување за анализа на клиентот, доколку приемот во осигурување е иницирал преку осигурително брокерското друштво (субјект) или индиректен субјект.

2) при извршување на трансакција за склучување на договори за осигурување на живот со уплата на премија во износ еднаков или поголем од 15.000 евра и исплата по основ на откуп, заем или доживување еднаква или поголема од 15.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот кога е склучена полисата за осигурување на живот, односно на денот кога се врши исплатата, со исклучок на договорите за осигурување на живот во случај на смрт-ризико осигурување кои се без штедна компонента, односно без инвестициска компонента без оглед дали трансакцијата се извршува како една операција или неколку операции кои се меѓусебно очигледно поврзани;

3) кога постои сомневање за вистинитоста или адекватноста на претходно добиените податоци за идентитетот на клиентот или вистинскиот сопственик и

4) кога постои сомневање за ПП/ФТ, без оглед на каков било исклучок или износ на средства.

(2) Основна функција на субјектот е обврската за утврдување на групи клиенти кои можат да го изложат на ризик од ПП/ФТ и минимизирање на нивото на ризикот на кој субјектот може да се изложи. Секој субјект треба да ги користи најмалку следните податоци и информации врз основа на кои утврдува кои клиенти можат да го изложат на ризик од ПП/ФТ:

- историја на клиентот, доколку станува збор за постоечки клиент;
- вид на дејноста што ја извршува;
- природата на активностите кои ги врши клиентот;
- географска локација на клиентот и
- здруженија на граѓани и фондации или лица поврзани со нив.

(3) Анализата од став (1) на овој член вклучува:

- идентификација на клиентот и потврдување на неговиот идентитет врз основа на документи, податоци и информации од веродостојни и независни извори, ( каде што е применливо, проверка на идентитетот на вистинскиот краен сопственик или законски застапник на клиентот);
- идентификација на лицето кое дејствува во име и за сметка на клиентот и потврда дека истото е овластено за тоа и потврдување на неговиот идентитет;
- идентификација на вистинскиот сопственик на клиентот и потврдување на неговиот идентитет;

- разбирање и соодветно обезбедување на информации за целта и намерата на деловниот однос) и

- постојано следење на деловниот однос.

(4) При анализата на клиентот, субјектот е должен да ги примени мерките за анализа на клиентот наведени во член 15 од ЗСППФТ (мерките за поедноставена анализа на клиентот од член 38 и засилена анализа на клиентот од член 39 од ЗСППФТ), со цел истите да му бидат од помош за подобро да ги разбере ризиците поврзани со поединечни деловни односи или повремени трансакции.

(5) Субјектот е должен со интерен акт да ги пропише мерките за анализа на клиентот во согласност со степенот и видот на ризици од ПП/ФТ кои тој ги утврдил. При дефинирање на мерките за анализа, субјектот е обврзан да ги земе во предвид мерките за анализа пропишани со ова упатство и истите доследно да ги применува.

(6) Субјектот (друштво за осигурување на живот) е должно најмалку еднаш годишно, да преземе активности за ажурирање на документите и податоците потребни за следење на деловниот однос со клиентите со средно-висок и висок ризик. За останатите клиенти, субјектот со интерен акт ја пропишува фреквенцијата на ажурирање, имајќи го предвид нивото на ризик од ПП/ФТ на клиентот.

(7) На датумот на ажурирање, документацијата потребна за следење на деловниот однос со клиентот, односно податоците за вистинскиот сопственик се обезбедуваат од оригиналната или заверената документација од трговски, судски или друг јавен регистар, која не смее да биде постара од шест месеци. Субјектите (друштвото за осигурување), податоците за вистинскиот сопственик се должни да ги проверат од регистарот на вистински сопственици.

(8) Опфатот на анализа на клиентот зависи од проценката на ризикот на:

- клиентот / деловниот однос на субјектот со клиентот;
- трансакциите кои ќе ги извршува;
- осигурителните производи кои ќе ги користи;
- земјата на потекло на клиентот и
- каналите на дистрибуција.

(9) Во текот времетраењето на деловниот однос на субјектот со клиентот, се врши динамично профилирање на ризикот на клиентот, врз основа на елементите на ризикот кои се специфични за поединечен клиент, деловен однос, производ или трансакција и на тој начин се утврдува агрегатното ниво на ризик на клиентот.

(10) Врз основа на елементите на ризикот се ревидира утврденото ниво на инхерентен ризик и се добива агрегатно ниво на ризик по клиент /деловен однос, трансакцијата и продукт. Елементите на ризикот вклучуваат:

- карактеристики на клиентот (сопственичка и/или управувачка структура на клиентот, чести промени на сопственичката структура, дејност, финансиска состојба, форма на трговско друштво, статус резидент или нерезидент, земја на клиентот итн.);
- цел и намера на воспоставување на деловниот однос;
- видови на осигурителни производи и услуги што ги користи клиентот, нивната големина (обем) и фреквенција на користење и
- активности и трансакции на клиентот за времетраење на деловниот однос.

(11) Ставовите (5), (6), (7) и (8) од овој член не се однесуваат на осигурителните брокерски друштва опфатени во член 1 став (2) од ова упатство кои се сметат за субјекти, при што овие субјекти анализата на клиентот од став (1) на овој член ја спроведуваат согласно Образецот за проценка на ризик на ова упатство.

(12) Врз основа на проценката на ризикот од член 6 став (7), а согласно со одредбите од член 6 ставовите (8) и (9) на ова упатство, субјектот е должен да дефинира ниско, средно или високо ниво на ризик на клиент од ПП/ФТ.

(13) Во зависност од утврденото ниво на ризик од ПП/ФТ, субјектот е должен во процесот на прифаќање на клиентот и неговото понатамошно следење да спроведе:

- општи или стандардни мерки на анализа;
- поедноставени мерки на анализа, и/или
- засилени мерки на анализа.

(14) Субјектот може да примени поедноставени мерки на анализа на клиентот во случаите кога за клиентот, односно за деловниот однос, трансакциите што ги врши или осигурителните производи што ги користи тој клиент или за земјата од каде што доаѓа клиентот, е утврдено ниско ниво на ризик од ПП/ФТ.

(15) Субјектот може да примени општи или стандардни мерки на анализа на клиентот во случаите кога за клиентот, односно за деловниот однос, трансакциите што истиот ги врши или производите што ги користи тој клиент или за земјата од каде што доаѓа клиентот, е утврдено средно ниво на ризик од ПП/ФТ.

(16) Субјектот може да примени засилени мерки на анализа на клиентот во случаите кога за клиентот, односно за деловниот однос, трансакциите што ги врши или осигурителните производи што ги користи тој клиент или за земјата од каде што доаѓа клиентот, е утврдено високо ниво на ризик од ПП/ФТ. Со високо ниво на ризик од ПП/ФТ задолжително се оценуваат:

- носителите на јавни функции;
- клиентите кои не се физички присутни при воспоставувањето деловен однос;
- трансакциите и деловните односи со физички и правни лица, од држави кои не ги имплементирале или недоволно ги имплементирале мерките за спречување на ПП/ФТ.

(17) Субјектот е должен да воспостави систем за идентификување на клиентите кои се носители на јавни функции и/или на нивните вистински сопственици, како и на клиентите правни лица во чија сопственичка структура се среќаваат носители на јавни функции и да дефинира мерки и активности кои ќе ги презема за следење на деловниот однос со овие клиенти. Системот за идентификација може да биде преку земање изјави за носители на јавни функции и проверка во бази на податоци (ДКСК за домашни државјани, други бази за странски државјани-резиденти) или проверка во бази на податоци (други бази за нерезиденти). Дополнително, субјектот е должен да провери дали договорувачот, осигуреникот, корисникот на осигурување, полномошникот или вистинскиот сопственик, се на некоја од консолидираните листи за санкции, кои ги води Управата, и за проверката да обезбеди доказ (писмен или електронски) за извршената проверка.

(18) Субјектот треба особено да е внимателен при воспоставувањето на деловниот однос и вршење на трансакции со здруженија на граѓани и фондации. Субјектот е должен при анализата на клиентите кои се здруженија на граѓани и фондации, најмалку да ја утврди: дејноста на клиентот, седиштето на клиентот, активностите на клиентот и изворот на финансирање. Субјектите се должни да преземат мерки на засилена анализа пропишани во член 44 од ЗСППФТ во врска со деловните односи и трансакциите со непрофитни организации кои претставуваат средно-висок или висок ризик идентификуван според националната проценка на ризикот како и непрофитните организации кои претставуваат средно-висок или висок ризик согласно со проценка на ризикот од страна на субјектот.

(19) Во случаите кога анализата на клиентот ја врши трето лице, субјектот е должен третото лице да обезбеди содржината, структурата и анализата на клиентот да бидат во согласност со барањата на ЗСППФТ.

(20) Трето лице може да биде банка, нотар, друштво за управување со инвестициски фондови и инвестициски фонд, друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и друштво за осигурување кое врши работи на осигурување на живот. Подетално, трети лица можат да бидат:

- финансиска институција во Република Северна Македонија која има дозвола за основање и работење издадена од надлежен орган и има воспоставено соодветни мерки за спречување ПП/ФТ;
- финансиска институција од земја членка на Европската Унија која е основана и работи во согласност со прописите на Европската Унија;
- финансиска институција од трета земја чиишто прописи предвидуваат најмалку исти барања за преземање мерки за спречување ПП/ФТ, како барањата утврдени со ЗСППФТ.

(21) Субјектот е должен да ги побара и да ги добие интерните акти на третото лице за анализа на клиентите, чувањето на податоците и интерните програми за спречување на ПП/ФТ и врз нивна основа да утврди дали третото лице ги исполнува условите од ЗСППФТ за спроведување на анализата на клиентот. При изборот на третото лице се зема предвид ризикот на земјата (за офшор финансиски центри на ОЕЦД, ММФ и сл.).

(22) Третото лице не смее да биде банка школка (англ. „shell bank“) или друга слична финансиска институција којашто не извршува или не смее да извршува дејност во земјата во која е регистрирана.

(23) Субјектот не смее да ја прифати анализата на клиентот спроведена од страна на трети лица во случај кога:

- анализата на клиентот е спроведена од страна на субјект кој не ги исполнува условите да биде трето лице согласно со одредбите од ЗСППФТ;
- субјектот не ги примил потребните информации и документи на третото лице коешто ја спровело анализата и
- субјектот се сомнева во веродостојноста на спроведената анализа на третото лице.

## ГЛАВА IV
## ФАКТОРИ НА РИЗИК

### Член 7

(1) Субјектот при идентификување на ризиците од ПП/ФТ ги зема предвид следниве фактори на ризик:

- клиентот;
- државите или географските подрачја;
- осигурителните производи, услугите или трансакциите и
- каналите на дистрибуција.

(2) Субјектот ги определува податоците кои ќе ги користи за секој фактор на ризик.

(3) При идентификување на ризиците, субјектот ги зема предвид следниве извори на податоци:

- националните проценки на ризикот од ПП/ФТ на земјата и на другите земји;
- упатства, циркулари и информации издадени од надлежните органи во земјата, како и изречени корективни мерки и прекршоци, доколку се јавно достапни;
- извештаи за закани, предупредувања и типологии и други информации издадени од страна на Управата и другите државни органи надлежни за кривично гонење;
- информации добиени од анализа на клиентот/ите;
- сопствено знаење и професионално искуство;

- информации од здруженијата или коморите на кои субјектот им припаѓа во врска со типологии и информации за ризиците кои се појавуваат;
- информации од извештаи на меѓународни тела надлежни за воспоставување стандарди за спречување на ПП/ФТ или листи на санкции и
- информации од сигурни бази на податоци.

(4) Субјектот со интерен акт ги пропишува факторите на ризик и начинот на вршење проценка на ризик.

(5) При проценката на ризикот од повремени трансакции субјектот не е обврзан да ги идентификува сите фактори на ризик пропишани со ова упатство, туку само оние кои се релевантни за одредената трансакција.

(6) Субјектот со интерен акт го пропишува водењето евиденција и документирањето на проценката на ризикот и сите промени во проценката на ризикот од ПП/ФТ.

**Фактори на ризик кои се однесуваат на клиентот**

Член 8

(1) Субјектите се должни при идентификување на ризикот поврзан со клиентот и неговиот вистински сопственик да ги земат во предвид ризиците поврзани со дејноста или професионалната активност на клиентот, неговиот углед, како и природата на деловниот однос и неговото однесување.

(2) Факторите на ризик кои субјектите се должни да ги разгледаат поврзани со дејноста или професионалната активност на клиентот и неговиот вистински сопственик се следниве:

- дали клиентот или неговиот вистински сопственик се активни во секторите кои се изложени на поголем ризик од корупција, како што се градежниот сектор, фармацевтскиот сектор, здравствениот сектор, трговијата со оружје и одбрана, рударската индустрија или секторот за јавни набавки;
- дали клиентот или неговиот вистински сопственик е активен во секторите кои се изложени на поголем ризик од ПП/ФТ, како што се трансфер на пари, казина и организатори на игри на среќа или трговци со благородни метали;
- дали клиентот или неговиот вистински сопственик се активни во секторите кои вклучуваат значителни износи на готовина;
- во случај кога клиентот е правно лице или правен аранжман која е нивната дејност;
- дали клиентот или неговиот вистински сопственик се носители на јавна функција или постојат други релевантни врски со лица носители на јавна функција;
- дали клиентот е лице кое може да ја злоупотреби својата позиција за стекнување лична корист, како на пример членови на влијателни спортски тела со овластувања да носат одлуки или поединци кои можат да влијаат на извршната власт или на други носители на одлуки;
- дали клиентот е правно лице на кое се применуваат барања за обелоденување на податоци со кои се обезбедуваат доверливи и јавно достапни информации за вистинскиот сопственик на клиентот, како што се акционерски друштва со чии акции се тргува на регулиран пазар;
- дали клиентот е банка или финансиска институција која работи за сопствена сметка во земја со ефикасен систем за СППФТ и над кои се врши супервизија во поглед на обврската за СППФТ;

- дали клиентот е банка или финансиска институција над која се изречени санкции или други мерки од страна на надлежен орган во изминатите години поради неисполнување на обврските за СППФТ;

- дали клиентот е орган на државната (јавната) управа или компанија од држава со низок степен на корупција.

(3) Факторите на ризик поврзани со угледот на клиентот и неговиот вистински сопственик кои субјектите се должни да ги разгледаат се следните:

- дали поради управни или кривични постапки или наводи за терористичка активност или финансирање на тероризам, имотот на клиентот, неговиот вистински сопственик или на било кое лице за кое се знае дека е тесно поврзано со нив, му бил замрзнат или субјектот има основа за сомневање дека му е замрзнат, и

- дали субјектот има други информации за интегритетот на клиентот и неговиот вистинскиот сопственик со кои се стекнал за времетраење на деловниот однос.

(4) Субјектите мора да имаат во предвид дека некои од факторите на ризик поврзани со природата и однесувањето на клиентот или неговиот вистински сопственик нема да бидат видливи при воспоставување на деловниот однос, односно може да се појават откако деловниот однос веќе ќе биде воспоставен.

(5) Факторите на ризик поврзани со природата на деловниот однос  и однесувањето на клиентот или неговиот вистински сопственик кои треба да се земат предвид од страна на субјектот, се следниве:

- дали клиентот има оправдана причина поради која не може да обезбеди цврсти докази за својот идентитет, ако на пример се работи за лице кое бара меѓународна заштита;

- дали постои сомневање во веродостојноста или вистинитоста на идентитетот на клиентот или неговиот вистински сопственик;

- дали постои сомневање дека клиентот настојува да избегне воспоставување на деловен однос, на пример, клиентот има намера да изврши една трансакција или повеќе еднократни трансакции, иако воспоставувањето на деловниот однос би било економски оправдано;

- дали структурата на сопственост и контрола на клиентот е сложена или нетранспарентна и дали за тоа постои очигледно деловно и правно оправдување;

- дали клиентот издава акции на доносител или има номинирани (nominee) акционери;

- дали клиентот бара реализација на трансакции кои се сложени, невообичаени или неочекувано големи или имаат невообичаен или неочекуван тек без очигледна економска, деловна или правна оправданост;

- дали постои очигледна стратегија или економска цел за инвестирање или купување на полиса за живот на клиентот, односно дали инвестирањето во полиса за живот е во согласност со неговата целокупна финансиска ситуација, во случај кога субјектот е запознаен со истата;

- дали постои причина за сомневање дека клиентот се обидува да ги избегне праговите од член 13 став (1) алинеја б) и в) и член 63 од ЗСППФТ;

- дали возраста на клиентот е невообичаена за видот на бараниот осигурителен производ/услуга, на пример, клиентот е многу млад или многу стар;

- дали договорот за осигурување на живот, полисата за животно осигурување не соодветствува со статусот на клиентот или неговиот вистински сопственик во однос на неговите примања;

- дали дадените информации за изворот на имотот или изворот на средства на клиентот или на неговиот вистински сопственик се разбирливи и убедливи, на пример, изворот на средствата произлегува од плата, наследство или вложувања;

- дали клиентот има непотребни или неразумни барања за тајност, како на пример дали се двоуми при обезбедување на информации потребни за спроведување на длабинска анализа или се обидува да ја прикрие вистинската природа на неговиот бизнис;
- дали клиентот ги користи осигурителните производи и услугите што ги договорил со субјектот во согласност со очекувањата при воспоставување на деловниот однос;
- дали клиентот бара откуп или исплата на премијата во краток период по првичната инвестиција, или пред датумот на исплата, без јасно образложение, особено кога ова доведува до финансиска загуба или плаќање на повисоки провизии на товар на клиентот;
- дали клиентот има чести и необјаснети откуп на полиси, особено кога средствата се враќаат на различни банкарски сметки;
- дали клиентот плаќа значителни трошоци поради предвремено откажување на осигурителниот продукт;
- дали клиентот бара повторно купување на полиса за осигурување на живот или друг осигурителен продукт кој го нудат друштвата за осигурување на живот во краток период без очигледна стратегија или економска оправданост;
- дали клиентот честопати склучува договори за осигурување на живот со различни друштва за осигурување на живот за одредени производи;
- дали клиентот го пренесува договорот за осигурување на живот на навидум неповрзана трета страна;
- дали барањето на клиентот за промена или зголемување на осигурената сума или плаќање на премијата за осигурување е невообичаено или прекумерно;
- дали клиентот врши уплата на премија (средства во износ кој значително го надминува износот договорен со друштвото за осигурување на живот) и бара враќање на претплатениот износ;
- дали клиентот користи повеќе сметки без претходно известување особено кога овие сметки се наоѓаат во повеќе држави или во држави кои се поврзани со повисок ризик од ПП/ФТ;
- дали клиентот одеднаш ја менува адресата без причина, на пример, со промена на земјата на живеење;
- дали клиентот ја менува клаузулата за корисници на осигурувањето и притоа назначува трети лица навидум неповрзани;
- дали осигурителот, осигуреникот и корисникот на осигурување се наоѓаат во различни земји;
- дали клиентот користи невообичаени начини на плаќање, како што се готовина или структурирани парични инструменти или други средства за плаќање кои ја поддржуваат анонимноста;

дали плаќањата се од различни банкарски сметки и без образложение и дали спротивно на очекувањата, клиентот прави чести или високи плаќања;

- дали потребите на нерезидентните клиенти би можеле да бидат подобро задоволени на друго место и дали постои очигледна економска и правна оправданост за видот на трансакцијата што клиентот ја бара идали клиентот е непрофитна организација чии активности можат да бидат злоупотребени заради финансирање на тероризам.

(6) Субјектите од член 1 став (2) и индиректните субјекти од член 1 став (3) од ова упатство треба да имаат предвид дека некои од факторите на ризик поврзани со природата и однесувањето на клиентот или неговиот вистински сопственик нема да можат да се утврдат при воспоставување на деловниот однос, односно тие можат да се појават откако деловниот однос ќе биде воспоставен.

(7) Кога клиентот е непрофитна организација (НПО), невладина организација (НВО), добротворна организација или здружение, или е некој друг вид на правно лице, како домашни и странски здруженија и нивни сојузи, фондации, установи, комори, синдикати, политички партии, задруги, верски заедници или други организации во кои учеството во управувањето врз основа на сопственички удел во капиталот не е можно да се утврди, задолжениот субјект може да се соочи со ситуации каде што ниту едно лице што може да се идентификува не ја задоволува дефиницијата за вистински сопственик според ЗСППФТ. Доколку се појави таков случај, субјектот треба во целост да ги спроведе условите за анализа на клиентот, особено во однос на идентификација на лицата кои на каков било начин имаат контрола врз управата, административните и владејачките тела на наведените правни субјекти.

**Фактори на ризик кои се однесуваат на државата или географските подрачја**

Член 9

(1) Субјектите се должни при идентификување на ризикот поврзан со државите и географските подрачја да ги земат во предвид ризиците поврзани со државите во кои клиентот или неговиот вистински сопственик:

- имаат свое седиште или престојувалиште;
- имаат главно место на извршување на дејноста.

(2) Субјектите треба да имаат во предвид дека природата и целта на деловниот однос често може да биде одлучувачки фактор за релативната важност на поединечните држави и географските фактори на ризик, како на пример:

- кога средствата што се користат во деловниот однос се остварени надвор од нашата држава, степенот на поврзани казниви дела и ефективноста на правниот систем на друга држава можат да биде важен фактор;
- кога средствата се примаат од држави или се испраќаат во држави за кои се знае дека во нив дејствуваат терористички групи, субјектот врз основа на неговите сознанија за природата и целта на деловниот однос со клиентот е должен да разгледа во колкава мера ваквата активност може да биде протолкувана како очекувано дејствие или истото може да предизвика основ за сомневање;
- кога осигуреникот, договорувачот на осигурување, вистинскиот сопственик, корисникот на осигурување, се сместени во или поврзани со држави со поголем ризик од ПП/ФТ или држави без ефикасен надзор врз СППФТ на кои треба да се посвети особено внимание;
- кога посредникот е поврзан со земји поврзани со поголем ризик од ПП/ФТ или земји без ефикасен надзор врз СППФТ на кои треба да се посвети особено внимание;
- кога клиентот е банка или финансиска институција, субјектот е особено обврзан да ја земе во предвид соодветноста на системот за ПП/ФТ и ефективноста на надзорот за СППФТ во државата од која потекнува овој клиент;
- кога клиентот е правен аранжман или труст (структура што ја отежнува идентификација на вистински сопственик), субјектот е обврзан да го земе во предвид степенот на ефективно исполнување на меѓународните стандарди за даночна транспарентност во државата каде клиентот или доколку е применливо и неговиот вистински сопственик се регистрирани.

(3) Фактори на ризик кои субјектот е должен да ги земе во предвид при утврдување на ефективноста на системот за СППФТ во одредена држава се следните:

- дали се работи за високоризични држава како што е утврдено во Националната проценка за ризик;

- дали постојат информации од повеќе од еден веродостоен или сигурен извор за квалитетот на контролите спроведени за СППФТ во таа држава, а која вклучува и информации за квалитетот и ефективноста на регулаторните мерки и надзорот.

(4) Изворите на информации за утврдување на факторите од став (3) на овој член можат да ги вклучат:

а) извештаите за меѓусебна проценка на FATF или други регионални тела слични на FATF;

б) листата на FATF или MONEYVAL за високоризични и некооперативни држави;

в) проценките на Меѓународниот монетарен фонд и

г) извештаи од FSAP мисиите.

(5) Субјектот мора да има во предвид дека членството во FATF или други регионални тела слични на него, не е претпоставка дека системот за СППФТ во одредена држава е соодветен и ефикасен.

(6) Факторите на ризик кој субјектот е должен да ги земе во предвид при утврдување на нивото на ризикот од финансирање на тероризам поврзан со одредена држава се:

- постоење на информации од тела надлежни за кривичен прогон или други информации од веродостојни медиуми дека таа држава финансира или подржува терористичка активност или е општо познато дека терористички организации делуваат во рамки на таа држава или територија и

- дали таа држава е предмет на финансиски санкции, ембарго или мерки кои се поврзани со тероризам, финансирање на тероризам, финансирање на тероризам или вооружување воспоставени од ООН или Европската Унија.

(7) Фактори на ризик кои субјектот е должен да ги земе во предвид при утврдување на нивото на транспарентност и даночна дисциплина на државите се следните:

- постоење на информации од повеќе од еден веродостоен извор дека државата е усогласена со меѓународните даночни стандарди за транспарентност и размена на информации, како и докази дека на соодветен начин во пракса се применуваат овие правила.

(8) Изворите на информации за утврдување на факторите од став (7) може да ги вклучат:

а) известувањата од Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации во даночни цели на OECD во кои државите се проценуваат за потребите на даночната транспарентност и размена на информации;

б) проценка на обврските за автоматска размена на информации кои државата ги преземала врз основа на заеднички стандарди за известување;

в) проценка на усогласеноста со препораките на FATF број 9, 24 и 25 или на регионалните тела слични на FATF и

г) проценките на Меѓународниот монетарен фонд:

-дали таа држава се има обврзано на заедничкиот стандард за известување за автоматска размена на податоци кој Г20 го има усвоено во 2014 година и дали истиот ефективно го применува и

- дали државата има воспоставено сигурни и достапни регистри за вистински сопственик.

(9) Фактори на ризик кои субјектот е должен да ги земе во предвид при утврдување на ризикот кој е поврзан со нивото на поврзаните казниви дела се: постоењето на информации од веродостојни и доверливи јавни извори за поврзани казниви дела;

- постоење на информации од повеќе од еден веродостоен и сигурен извор за капацитетите на истражниот и судскиот систем на државата за можноста ефикасно да изврши истрага и кривичен прогон за поврзаните кривични дела.

(10) Изворите на информации за утврдување на факторите од став (9) може да ги вклучат:

а) индекси за перцепција на корупција;

б) извештаите на ОЕЦД за спроведување на конвенцијата за сузбивање на корупцијата на ОЕЦД и

в) светските извештаи за дрога на канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал.

**Фактори на ризик кои се однесуваат на осигурителни производи, услугите или трансакциите**

Член 10

(1) Факторите на ризик кои субјектите треба да ги земат во предвид при утврдување на ризиците поврзани со осигурителните производи, услугите или трансакциите се следните:

- степенот на транспарентност или нетранспарентност на осигурителните производи, услугите или трансакциите;
- сложеноста на производите, услугите или трансакциите и
- вредноста или обем на производите, услугите или трансакциите.

(2) Факторите на ризик кои субјектите треба да ги земат во предвид при утврдување на ризиците поврзани со сложеноста на одреден осигурителен производ, услуга или трансакција се следните:

- степенот на сложеност на одредена трансакција и вклученост на повеќе страни или држави, како и нивото на непосредност во трансакциите;
- флексибилност на плаќање, степенот до кој осигурителните производи или услугите дозволуваат плаќање од страна на неидентификувани трети лица или прифаќање на прекумерни плаќања во случаите каде тоа не би бил вообичаен тек на трансакциите;
- во случаите кога плаќањето од трети лица е очекувано, дали субјектот е запознаен со идентитетот на третите лица;
- плаќање на високи или неограничен премии за осигурување од семејствата или значителен број на плаќања на ниски премии за осигурување;
- лесен пристап до акумулираните средства, на пример, осигурителниот продукт дозволува делумно повлекување или предвремено откуп во секое време, со ограничен надомест или трошоци;
- откуп, со осигурителниот продукт може да се тргува на секундарниот пазар;
- анонимност, на пример, осигурителниот продукт ја фаворизира или дозволува анонимноста на уплаќачот;
- дали субјектот има познавање за ризиците поврзани со одреден негов нов или иновативен продукт или услуга, особено кога вклучува користење на нови технологии или начини на плаќање.

(3) Факторите на ризик кои субјектите треба да ги земаат во предвид при утврдување на ризикот поврзан со вредноста или големината на одреден осигурителен продукт, услуга или трансакција се следните:

- степенот до кој производите или услугите се фокусирани на плаќање на готовина;
- постоење на производи и услуги кои овозможуваат претплата;

- степенот до кој производите или услугите ги олеснуваат или поттикнуваат трансакции со висока вредност;
- постоење на одредени ограничувања во поглед на максималната вредност на трансакцијата или на нивото на премијата со кои би се ограничила употребата на осигурителните производи или услуги за целите на ПП/ФТ;
- дали еднократната премија го надминува износот од 15.000 евра.

**Фактори на ризик кои се однесуваат на каналите на дистрибуција (начинот на испорака)**

Член 11

(1) При утврдување и идентификување на ризикот поврзан со начинот на кој осигурителните производи или услугите се испорачуваат до клиентот, субјектот е обврзан да го земе предвид ризикот поврзан со:
- мерките кои е потребно да бидат преземени во ситуации кога клиентот не е физички присутен при испорака на осигурителниот производ или услуга (продажба на далечина, на пример преку интернет доколку е овозможено, пошта или телефонска продажба, без соодветни безбедносни механизми, како што се електронски потписи или сертификати за електронска идентификација);
- природата на односот помеѓу посредникот и субјектот (на пример долги ланци на посредници, употреба на посредници во необични околности, како што е необјаснето географско растојание и сл.).

(2) Фактори на ризик кои субјектите ги земаат во предвид при утврдување на ризиците поврзани со испорачување на осигурителните производи или услуги се:
- присуството на клиентот за време на идентификацијата;
- употребата на одредена форма на заштита при спроведувањето на длабинска анализа на клиентот во случај на отсуство на клиентот;
- преземање мерки за спречување на лажно претставување и злоупотреба на идентитетот;
- спроведувањето на мерки за анализа на клиентот која наместо субјектот ја има извршено некое трето лице во рамки на иста група;
- потпирање на субјектот на мерките на анализа на клиентот кои ги спровело трето лице кое е дел од иста група, а која нема да го изложи субјектот на поголем ризик од ПП/ФТ;
- мерките кои субјектот ги има преземено со цел да се увери дека третото лице е дел од иста група која ги применува мерките за анализа на клиенти според стандардите на Европската Економска Област (ЕЕО) согласно Законот.

Член 12

(1) Субјектот е должен факторите на ризик да ги пондерира според важноста за одреден деловен однос или повремена трансакција.

(2) При пондерирање на факторите за ризик субјектот е должен да осигура дека:
- на доделувањето на пондерот неоправдано не влијае само еден фактор;
- проценката за ризик не е условена од економски фактори или профитот на субјектот;
- пондерирањето не доведува до ситуација во која би било невозможно било кој деловен однос да биде категоризиран со средно-висок или висок ризик;
- ситуациите наведени во член 39 од ЗСППФТ кои се однесуваат на околности кои претставуваат средно-висок или висок ризик, не можат да бидат исклучени при пондерирање на клиентот;
- оценката за ризик која е автоматски доделена може да биде поништена.

(3) Доколку субјектот ја поништил оценката за ризик од став (2) алинеја 5 од овој член, истиот е должен таквото поништување на оценката уредно да го документира.

(4) Субјектот мора да биде сигурен дека доделената оценка за ризик го одразува неговото разбирање за ризикот од ПП/ФТ и истото на барање на Агенцијата ќе може да го докаже.

**Категоризација на деловните односи и реализираните трансакции на клиенти**

Член 13

(1) По извршената проценка на ризикот, субјектот е обврзан да ги категоризира деловните односи и повремените трансакции, согласно проценетиот степен на ризик од ПП/ФТ.

(2) Субјектот е обврзан со интерен акт да го пропише начинот на категоризацијата на ризиците според типот и големината на бизнисот и видовите ризици на кои е изложен, во најмалку три категории: висок, среден или низок ризик.

ГЛАВА V
МАТРИЦА ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИКОТ ОД ПП/ФТ НА НИВО НА СУБЈЕКТ

Член 14

При утврдувањето на значењето на факторите на ризик, субјектот обезбедува податоци за поодделни елементи во рамки на секој фактор на ризик што треба да се анализираат согласно со насоките дадени во ова упатство, а се карактеристични за конкретниот субјект.

ГЛАВА VI
МЕРКИ НА АНАЛИЗА НА КЛИЕНТОТ (поедноставена и засилена анализа на клиентот)

Член 15

(1) Субјектот е должен да ги примени мерките за анализа на клиентот наведени во член 15 од ЗСППФТ со цел истите да му бидат од помош за подобро да ги разбери ризиците поврзани со поединечни деловни односи или повремени трансакции.

(2) Субјектите ја применуваат секоја мерка од анализата на клиентот, а нејзиниот обем зависи од проценката на ризикот на клиентот.

(3) Субјектот е должен со интерен акт да ги пропише мерките за анализа на клиентот во согласност со степенот и видот на ризици од ПП/ФТ кои тој ги утврдил. При дефинирање на мерките за анализа, субјектот е обврзан да ги земе во предвид мерките за анализа пропишани со ова упатство и истите доследно да ги применува.

(4) При вршење на поедноставена анализа на клиентот, субјектот е должен да ги спроведе сите мерки за анализа на клиентот наведени во член 15 и член 38 од ЗСППФТ.

(5) Мерките на поедноставена анализа што субјектите може да ги применат вклучуваат, но не се ограничени на:

1. Прилагодување на времето за спроведување на анализа на клиентот, на пример во случаите каде што бараниот осигурителен продукт или трансакција има карактеристики кои ја ограничуваат употребата на производот или трансакцијата за целите на ПП/ФТ:

а) со проверка на идентитетот на клиентот и/или вистинскиот сопственик на клиентот за време на воспоставувањето на деловниот однос или

б) со проверка на идентитетот на клиентот и/или на вистинскиот сопственик на клиентот кога трансакциите го надминуваат интерно одредениот праг или по истекот на разумен временски период. Во таков случај, субјектот мора да обезбеди дека:

- со наведеното не се исклучува клиентот од спроведување на анализа на клиентот согласно закон;
- субјектот мора до го идентификува и верификува идентитетот на клиентот и на вистинскиот сопственик на клиентот;
- прагот или временското ограничување се поставени на разумно ниско ниво;
- воспоставил систем за откривање на пречекорувањата на утврдениот праг или временската рамка од ограничување;
- не го одложува спроведувањето на анализа на клиентот во случај кога со закон или подзаконски акт е пропишано собирање на тие информации.

2. Прилагодување на обемот на информации собрани за идентификација, верификација или следење на деловниот однос, на пример:

а) проверка на идентитет врз основа на информациите добиени од еден сигурен, веродостоен документ или извор на податоци или

б) претпоставка за природата и целта на деловниот однос.

3. Прилагодување на квалитетот или изворот на информации собрани за идентификација, верификација или следење на деловниот однос, на пример:

а) прифаќање на информациите добиени од страна на клиентот, наместо од независен извор кога се проверува идентитетот на вистинскиот сопственик, доколку од објективни причини не е можно да се соберат информации од независни извори или

б) кога ризикот кој се поврзува со сите аспекти на деловниот однос е многу низок, потпирајќи се на извор на средства за да се исполнат некои од барањата за анализа на клиентот, на пример, кога станува збор за средства доделени како државна помош или кога средствата се префрлени од сметка која гласи на име на клиентот.

4. Прилагодување на динамиката со која се ажурира анализата на клиентот и се ревидира деловниот однос, на пример, дури по некој одреден настан како распрашување на клиентот со цел склучување договор за нов осигурителен продукт или услуга или пречекорување на утврдениот праг во трансакција која не треба да резултира со неажурирање на информациите од анализата на клиентот и

5. Прилагодување на динамиката и интензитетот на следење на трансакциите, како што се следење на трансакции само над одреден праг кој субјектот е должен да го постави на разумно ниво и да се воспостави систем за идентификација на поврзани трансакции, кои заедно би го надминале тој праг.

(6) Информациите кои субјектот ги собира со примена на мерки на поедноставена анализа на клиентот, мора да му обезбедат разумна сигурност дека неговата проценка за низок степен на ризик поврзан со деловниот однос или повремената трансакција е оправдана, и ќе биде доволна на субјектот за да обезбеди доволно информации за природата на деловниот однос или повремените трансакции со цел идентификување на необични или сомнителни трансакции.

(7) Субјектот не смее да применува мерки на поедноставена анализа кога за клиентот, трансакцијата, средствата или ресурсите постојат причини за сомневање за ПП/ ФТ, или кога во однос на клиентот се применува сценарио со висок степен на ризик, доколку станува збор за сложена и невообичаена трансакција за кои постои обврска за спроведување на засилена анализа согласно закон.

(8) Субјектот е должен да применува мерки за засилена анализа на клиентот во случаите наведени во член 33 од ЗСППФТ, заради управување и намалување на ризиците кои потекнуваат од високо ризични трансакции.

(9) Мерките за засилена анализа на клиентот се применуваат истовремено со редовните мерки за анализа на клиентот.

(10) Во ситуации со средно висок или висок ризик, субјектот освен анализа треба да ги примени следниве мерки на засилена анализа:

- обезбедување на дополнителни податоци за клиентот, автентикација заснована на повеќе од еден сигурен и независен извор;
- зачестено ажурирање на документите и податоците за клиентот;
- обезбедување на дополнителни податоци за природата на деловниот однос и трансакциите на клиентот;
- обезбедување на дополнителни податоци за изворот на средствата и изворот на имот на клиентот (детали за вработување, редовни приходи, вонредни приходи, наследство и сл.);
- обезбедување на информации за причината на планираните или извршените трансакции,
- обезбедување одобрение од високото раководство за воспоставување на нов или за продолжување на деловен однос и
- засилено следење на деловниот однос.

(11) Спроведувањето на мерките на засилена анализа, субјектот е должен да ги документира и да ја направи достапна таа документација на органите на надзор.

**Мерки за засилена анализа кои се применуваат за носители на јавни функции**

Член 16

(1) Субјектите кои утврдиле дека клиентот или вистинскиот сопственик на клиентот е носител на јавна функција, се должни:

- да преземат соодветни мерки согласно член 42 став (2) и (3);
- да го утврдат изворот на средствата и изворот на имот на клиентот - носител на јавна функција и/или вистинскиот сопственик кој е носител на јавна функција. При воспоставување на деловен однос со клиент - носител на јавна функција да се пополни - Изјава за носител на јавна функција на посебен формулар;
- да добијат одобрение од високото раководството за воспоставување или продолжување деловниот однос со одредено лице кое е носител на јавна функција или клиент чиј вистински сопственик е носител на јавна функција (да се пополни барање за одобрување за воспоставување или продолжување на деловен однос со носители на јавна функција, со податоци за лице кое позитивно е изјаснето за носител на јавна функција);
- овластеното лице / вработен во одделот за СППФТ да изврши проверка на клиентот со статус носител на јавна функција на веб страната на Државната комисија за антикорупција, да обезбеди доказ од добиените резултати и истиот да се чува електронски. дополнително, доколку има не/совпаѓање на податоци, се продолжува со пребарување на клиентот на интернет на други веродостојни пребарувачи со цел обезбедување на точен податок и потврдување на податоците со кои располага субјектот;
- да се спроведат засилени мерки за постојано следење на трансакциите и ризиците поврзани со деловниот однос и постојан мониторинг на деловниот однос, а при тоа динамиката на следењето треба да биде усогласена со високото ниво на ризик кој произлегува од деловниот однос;

- да се идентификуваат невообичаени трансакции и редовно да се разгледуваат сите информации кои се на располагање за да се обезбеди дека сите нови информации кои би можеле да влијаат на проценката на ризиците ќе може навремено да бидат идентификувани.

(2) Мерките од став (1) алинеја 2 на овој член зависат од степенот на ризик поврзан со деловниот однос или повремената трансакција. Кога ризикот поврзан со деловниот однос или повремената трансакција со лица носители на јавна функција е особено висок, субјектот е должен да го провери изворот на средствата и на имотот врз основа на веродостојни и независни податоци, документи или информации.

(3) Субјектот е обврзан со интерен акт да дефинира кое ниво од високото раководство ќе биде надлежно за одобрувањето наведено во ставот (1) алинеја 3 на овој член. Раководното лице треба да биде на доволно висока функција и да има овластувања за надзор и носење на одлуки за прашања кои директно влијаат врз профилот на ризичност на субјектот. При одлучување за одобрувањето од ставот (1) алинеја 3 на овој член, лицето ќе ги земе предвид степенот на ризик од ПП/ФТ на кој субјектот би бил изложен ако воспостави или продолжи со деловниот однос и можноста ефикасно да управува со тој ризик.

(4) Субјекотот е должен да ги спроведе сите мерки од ставот (1) на овој член за лицата кои се носители на јавни функции и на членовите на нивните семејства и познати блиски соработници на лицата од членот 2 алинеја 39 од ЗСППФ, како и да го прилагоди обемот на овие мерки во согласност со ризикот.

**Мерки за засилена анализа кои се применуваат за клиенти од високоризични држави**

Член 17

(1) При вршење на трансакции со физички или правни лица кои се основани или се жители на високоризична држава, како и во сите други високо ризични ситуации, субјектот е должен со интерен акт да дефинира мерки на засилена анализа соодветни за поединечна високоризична ситуација.

(2) Соодветниот вид на засилена анализа, вклучувајќи го и обемот на бараните дополнителни информации и спроведениот засилен надзор, треба да зависат од причината поради која одредена повремена трансакција или одреден деловен однос е категоризиран како високоризичен.

(3) За сите случаи од став (1) на овој член, субјектот не е обврзан да ги применува сите мерки за засилена анализа од ставот (4) на овој член. Во одредени ситуации со висок ризик, може да биде доволно да се фокусира на зголемен континуиран надзор во текот на траењето на деловниот однос.

(4) При одредувањето на мерките за засилена анализа од ставот (1) на овој член, субјектот треба да го земе во предвид следното:

1. зголемување на обемот на информации што се собираат за целите на анализата, вклучувајќи информации во врска со природата на деловниот однос со цел субјектот да може да утврди дека природата и целта на деловниот однос се легитимни за да може да изработи комплетен профил на ризичност на клиентот, како што се:

а) бројот, големината и динамиката на реализација на очекуваните трансакции по сметка, така што субјектот може да ги согледа отстапувањата кои може да предизвикаат сомнежи и следствено да се бараат докази и документација од клиентот,

б) причината поради која клиентот бара одреден осигурителен продукт или услуга, особено кога не е јасно зошто потребите на клиентот не можат да се исполнат на поинаков начин или во друга земја,

в) дестинација на средствата,

г) природата на деловната активност на клиентот или неговиот вистински сопственик, со цел субјектот полесно да ја разбере веројатната природа на деловниот однос.

2. Зголемување на квалитетот на информациите кои се собираат за целите на анализа на клиентот за да се потврди идентитетот на клиентот или вистинскиот сопственик на клиентот, вклучувајќи:

а) поставување на барање првото плаќање да се изврши преку сметка отворена на име на клиентот во банка во Република Северна Македонија или во земја членка на ЕУ или трета земја во која се применуваат мерки исти или еквивалентни на оние утврдени со ЗСППФТ;

б) проверка дека имотот на клиентот и средствата кои се користат во деловниот однос не потекнуваат од криминални активности и дека изворот на имотот и изворот на средствата е во согласност со сознанијата на субјектот за клиентот и природата на деловниот однос. Во одредени случаи, кога ризикот поврзан со деловниот однос е особено висок, проверката на изворот на имотот и изворот на средствата може да биде единствената соодветна мерка за ублажување на ризикот.

3. Зголемување на фреквенцијата на следење со цел субјектот да се осигура дека може да управува со ризикот поврзан со поединечните деловни односи или може да заклучи дека деловниот однос повеќе не одговара на подготвеноста на субјектот за преземање ризик, како и субјектот да биде во можност да идентификува трансакции за кои е потребно понатамошно испитување, вклучувајќи:

а) зголемување на зачестеноста на ревидирање на деловниот однос за да се одредат потенцијалните промени во профилот на ризичност на клиентот и способноста на субјектот и понатаму да го управува тој ризик;

б) добивање согласност на високото раководство за воспоставување или продолжување на деловен однос со цел да се осигура дека високото раководство е свесно за ризиците на кои субјектот е изложен и да може да донесе одлука соодветна на способноста да управува со тој ризик;

в) почесто ревидирање на деловниот однос со цел да се осигура дека сите промени во профилот на ризичност на клиентот ќе се идентификуваат, проценат и, доколку е потребно, ќе се преземат потребните мерки;

г) да спроведуваат почесто или подетално следење на трансакциите за да се идентификуваат какви било необични или неочекувани трансакции кои можат да предизвикаат сомневање за ПП/ФТ. Следењето на трансакциите по потреба може да вклучува утврдување на дестинацијата на средствата или причините за извршување на одредени трансакции.

## ГЛАВА VII
## ОДБИВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ОДНОС И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ТРАНСАКЦИЈА

### Член 18

(1) Доколку субјектот не може да ги преземе мерките за анализа на клиентот од член 15 од ЗСППФТ или не е сигурен дека целта и природата на деловниот однос се легитимни, или доколку оцени дека не може ефикасно да се справи со ризикот и дека тоа би можело да се користи за целите на ПП/ФТ, истиот не смее да воспостави деловен однос или да ја реализира трансакцијата.

(2) Во работите поврзани со осигурување на живот, дозволено е потврдувањето на идентитетот на клиентот, ополномоштувачот или вистинскиот сопственик на полисата, да се изврши откако деловниот однос е воспоставен. Во овој случај потврдувањето на идентитетот треба да се изврши пред или за време на остварување на правата кои произлегуваат од договорот за осигурување на живот.

(3) Кога веќе постои деловен однос за кој субјектот не може да ги спроведе мерките наведени во член 15 од ЗСППФТ, друштвото за осигурување на живот е должно најмалку два пати годишно да преземе соодветни активности за ажурирање на податоците и за спроведување на наведените мерки преку достава на известување до клиентот. За наведениот деловен однос, друштвото за осигурување на живот е должно да ја одложи транскацијата која се однесува за користење на правата од договорот (откуп, заем, доживување и сл.) се додека не се овозможи примена на член 15 од ЗСППФТ. Кога веќе постои деловен однос за кој друштвото за осигурување на живот не може да ги спроведе мерките наведени во член 15 од ЗСППФТ, поради што постои основано сомнение дека целта и природата на деловниот однос не се во согласност со овој закон, тогаш друштвото за осигурување на живот поради неможноста за раскинување на деловниот однос, односно договорот за осигурување, должно е за истото да ја извести Управата и Агенцијата, како сомнителна трансакција.

(4) Субјектот е должен со интерен акт (Програма за спречување на ПП/ФТ или Проценката на ризик) да го пропише степенот на донесување одлуки за воспоставување или одложување на деловен однос, забрана за извршување трансакција или прекин на спроведување на трансакции, како и да го пропише рокот од ставот 3 на овој член.

(5) Субјектот има обврска да го идентификува корисникот на полисата за осигурување на живот онаму каде е познато и наведено името на корисникот, но и таму каде името на корисникот во полисата на осигурување на живот не е наведено, туку е дефинирана неговата релација со осигуреникот.

(6) Субјектот има обврска да го идентификува корисникот на полисата за осигурување на живот како релевантен ризик фактор при утврдување на проценките на ризик, односно потребно е воведување на засилено следење преку идентификување и проверување на идентитетот на вистинскиот сопственик на корисникот на осигурувањето во моментот на исплата на штетата во случаи кога субјектот утврдува дека корисникот кој е правно лице или труст претставува висок ризик.

## ГЛАВА VIII
## НАДЗОР ПРЕГЛЕД И ЧУВАЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

### Член 19

(1) Субјектот е должен да ги ревидира своите проценки на ризик (најмалку еднаш годишно) од ПП/ФТ поврзани со поединечни деловни односи и повремени трансакции, како и факторите на кои се засноваат со цел да осигура ажурираност и релевантност на своите проценки на ризиците од ПП/ФТ.

(2) Субјектот е должен да ги процени информациите собрани во рамките на континуираниот надзор на деловниот однос и да разгледа дали тие имаат влијание врз проценката на ризикот.

(3) Субјектот треба да обезбеди системи и контроли за да се идентификуваат ризиците од ПП/ФТ при нивното настанување и да ги оцени овие ризици, а доколку е потребно навремено да ги вклучи во своите проценки.

(4) Системите и контролите од став (3) на овој член вклучуваат:

1. Процес на редовно разгледување на добиените информации со цел да се идентификуваат трендовите и новите спорни прашања поврзани со одделните деловни односи и со работењето на субјектот:

а) редовно разгледување на медиумските извештаи кои се релевантни за економскиот сектор и подрачјата каде субјектот активно работи;

б) редовно разгледување на предупредувањата и извештаите на органите одговорни за спроведување на ЗСППФТ;

в) субјектот да се осигура дека е свесен за промените во предупредувањата за терористички активности и режимот на санкции веднаш по нивното настанување;

г) објави издадени од надлежните органи.

2. Процес за собирање и преглед на информации за ризиците поврзани со нови осигурителни производи:

а) соработка со претставници од други сектори и надлежни тела (пр. тркалезни маси, конференции и даватели на образовни услуги) и договори со кои се регулира обезбедувањето на информации или наоди на релевантни лица;

б) воспоставување деловна етика за размена на информации во рамките на субјектот.

(5) Субјектот е должен проценката на ризикот да ја усогласи со националната проценка на ризикот како и со останатите акти, документи и информации кои ги објавуваат надлежните органи на надзор од членот 151 од ЗСППФТ.

(6) Во рамки на системот на контрола субјектите се должни да воспостават редовно ажурирање на проценката на ризикот и да ја утврдат динамиката на спроведување на следната проценка на ризик.

(7) Во случај на нови ризици или зголемување на постоечките, субјектот е обврзан да ја ажурира проценката на ризикот и да води евиденција во текот на годината за прашања што може да влијаат на проценката на ризик, како што се интерните извештаи за сомнителни трансакции, неусогласености и информации добиени од вработените кои работат со клиенти (front office).

(8) Субјектот е должен сите промени на оценката на ризикот и придружните мерки за анализа на клиентот да ги прилагоди пропорционално и соодветно на воспоставената постапка за проценка на ризик од ПП/ФТ.

(9) Субјектот е должен да осигури дека неговите системи за управување со ризик и контрола, особено оние што се однесуваат на примената на соодветната анализа на клиентот, се ефективни и пропорционални на ризикот.

(10) Субјектот е должен со интерниот акт (Програмата за спречување на ПП/ФТ) да го пропише водењето евиденција и документирањето на проценката на ризикот од деловните односи и сите промени во проценката на ризиците.

(11) Субјектот е должен да обезбеди доволно информации со цел да биди сигурен дека ги идентификувал сите релевантни фактори на ризик и доколку е потребно да обезбеди дополнителни мерки при анализата на клиентите со цел да добие сеопфатен преглед на ризикот поврзан со одреден деловен однос и повремена трансакција.

## ГЛАВА IX
## СИСТЕМ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

### Член 20

(1) Извештаите за ризикот од ПП/ФТ треба најмалку да содржат информации за:

- извршената контрола на субјектот;
- редовните активности за спречување на ПП/ФТ;

- извршените обуки од страна на овластеното лице, како и неговото присуство на семинари и обуки;
- воспоставените деловни односи со клиентите кои не се физички присутни во моментот на склучувањето или извршувањето на деловниот однос;
- клиентите кај кои деловниот однос се одвива преку користење нови технологии и технологии во развој;
- воспоставувањето или продолжувањето на деловните односи со носители на јавна функција;
- останатите клиенти кои биле предмет на засилена анализа во извештајниот период и
- број на пријавените сомнителни трансакции или активностите на клиентите до Управата, како и оние за кои е одлучено да не се пријавуваат.

(2) Субјектот е должен во интерните акти да ги пропише видот на информациите и фреквенцијата на нивното доставување до органите на субјектот.

(3) Субјектот (ДОЖ) согласно член 64 став (5) од ЗСППФТ ја известува Управата за собраните податоци за:

- за склучени полиси за осигурување живот со уплата на премија по полиси за осигурување на живот во износ еднаков или поголем од 15.000 евра и исплата по основ на откуп, заем или доживување еднаква или поголема од 15.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот кога е склучена полисата за осигурување, односно на денот кога се врши исплатата, освен договорите за осигурување на живот без штедна компонента, односно без инвестициска компонента и
- за склучени полиси за осигурување живот од страна на носител на јавна функција, без оглед на вредноста на осигурената сума, освен договорите за осигурување на живот без штедна компонента, односно без инвестициска компонента.

## ГЛАВА IX
## СИСТЕМ НА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА

### Член 21

(1) Субјектот е должен да врши внатрешна контрола над спроведување на мерките и дејствијата за СППФТ најмалку еднаш годишно во тековната година за претходната година согласно член 69 од Законот за СППФ, преку воспоставување на соодветни постапки на внатрешна контрола кои ќе овозможат вклученост на процесот на управување со ризикот од ПП/ФТ во севкупниот процес на управување со сите ризици.

(2) Внатрешната контрола на управувањето со ризикот од ПП/ФТ е составен дел на целокупниот систем на внатрешна контрола, воспоставен на ниво на целиот субјект.

(3) За потребите на системот на внатрешна контрола во делот на управувањето со ризикот од ПП/ФТ, субјектот е должен да воспостави:

- усогласеност на работењето со прописите и барање од вработените да исполнуваат високи професионални стандарди;
- постапки и правила за следење на процесот на управување со ризикот од ПП/ФТ;
- извештај за извршена внатрешна контрола над спроведувањето на мерките и дејствијата за спречување на ПП/ФТ;
- постојана обука на вработените во субјектот од областа на спречување на ПП/ФТ, на индиректните субјекти – физички лица и на одговорното лице за СППФТ во индиректните субјекти - правни лица;

- план за постојана обука на вработените во субјектот од областа на спречување на ПП/ФТ, на индиректните субјекти – физички лица и на одговорното лице за СППФТ во индиректните субјекти - правни лица, која предвидува реализација на најмалку две обуки во текот на годината;

- внатрешна контрола која ќе го тестира функционирањето на системот.

(4) Внатрешната контрола на субјектот треба да врши оценка на ефикасното спроведување на мерките и дејствијата за спречување на ПП/ФТ.

(5) Субјектот е должен да обезбеди соодветна екипираност на внатрешната контрола со лица кои имаат соодветни познавања за спречувањето на ПП/ФТ и да овозможи нивна обука за сите новини поврзани со меѓународните стандарди и националните прописи за спречување на ПП/ФТ.

**Ревизија**

Член 22

(1) Субјектот кој има обврска за формирање на посебен оддел согласно ЗСППФТ, предвидува независна ревизорска функција за  спроведување, тестирање на целокупниот внатрешен систем за СППФТ, со периодика, динамика и опфат во зависност од големината и природата на дејноста на субјектот.

(2) Вработените во субјектот, а особено Овластеното лице за СППФТ и/или неговиот заменик и вработените во одделот за СППФТ се должни да дадат соодветни информации, објаснувања и документи, како ревизијата непречено би го спровела тестирањето.

ГЛАВА X
ДОГОВОРИ ЗА СОРАБОТКА

**Обврски на индиректните субјекти**

Член 23

(1) Индиректните субјекти од член 1 став (3) од ова упатство, се должни во соработка со субјектите од член 1 став (2) од ова упатство да ги спроведуваат мерките за спречување ПП/ФТ.

(2) Начинот на соработка детално се уредува во договорите за соработка, а преку преземање на заеднички координирани мерки на индиректните субјекти со субјектите, при што во целост ќе се имплементираат барањата од ЗСППФТ и ова упатство, преку процесот во кој ќе се врши анализа на клиентите пред склучување на договорот за осигурување.

(3) Субјектите при склучување на договорите за соработка со индиректните субјекти потребно е јасно да ги дефинираат обврските и одговорностите на индиректните субјекти од аспект на спроведување на ЗСППФТ и ова упатство, а особено:

- да се почитуваат правата и своите обврски за спречување на ПП/ФТ;

- да се следат новините во прописите и меѓународните стандарди за спречување на ПП/ФТ;

- да се посетуваат обуки од областа за спречување ПП/ФТ организирани од субјектот (реализација на најмалку две обуки во текот на годината);

- да се организира еднаш годишно обука од страна на овластеното лице на индиректниот субјект за сите вработени и соработници на индиректниот субјект и

- да се пополни и потпише Образец за проценка на ризик од аспект на проверка на спроведувањето на мерките и дејствијата за спречување на ПП/ФТ, која анализа понатаму ја спроведува субјектот.

(4) Индиректните субјекти во соработка со субјектот ќе спроведуваат проценка на ризиците од ПП/ФТ. Субјектот е должен на индиректниот субјект да му ја обезбеди целата стручна и техничка поддршка и водство при спроведување на проценката на ризиците од овој став.

(5) Индиректните субјекти кои се правни лица се должни да изработат и применуваат програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од ПП/ФТ, а која ќе биде во согласност со утврдените ризици и утврдените обврски согласно договорот за соработка со субјектот.

(6) Индиректните субјекти кои се правни лица, анализата на клиентите ќе ја спроведуваат во соработка со субјектот, при што индиректните субјекти кои се правни лица е потребно да ги обезбедат сите потребни документи и изјави од клиентот, како и самите да ги пополнат неопходните формулари добиени од друштвата за осигурување на живот, а подлабоката анализа ја прави субјектот и истата се чува од страна на субјектот.

(7) Осигурително брокерските друштва кои се субјекти и индиректните субјекти кои се правни лица, се должни да спроведат идентификација на вистинскиот сопственик на правното лице кое се јавува како договорувач на осигурување, како и да ја комплетираат соодветната документација на начин утврден со договорот за соработка со субјектот во согласност со ова упатство и да ја достават до субјектите – друштва за осигурување на живот, со цел да се овозможи соодветна анализа на клиентот и проценка на ризик од страна на субјектот.

(8) Друштвата за осигурување на живот ќе ги спроведуваат сите известувања и доставувања на податоци и информации до Управата, за сите договори за осигурување на живот склучени со посредување на субјектите - ОБД и индиректните субјекти.

(9) Обврските за пријавување на сомнителна трансакција до Управата, констатирана од страна на субјектите и индиректните субјекти, ја преземаат друштвата за осигурување на живот. За спроведување на оваа обврска, субјектите и индиректните субјекти должни се да достават анализа и соодветна документација до друштвата за осигурување на живот, во законски предвидениот рок за пријавување на сомнителна трансакција.

(10) Индиректните субјекти, целокупната документација за чие прибавување и/или составување се задолжени со договорот за соработка со субјектот, во согласност со ова упатство, потребно е да ја доставуваат до субјектот (ДОЖ), кои потоа истата ја чуваат во согласност со законските обврски, а на барање се должни да ја достават до индиректните субјекти.

(11) Индиректните субјекти кои се правни лица, се должни да назначат едно лице како одговорно за спречување на ПП/ФТ, при што тоа лице има обврска да комуницира со одговорните лица за спречување на ПП/ФТ во субјектот, како и да го следи процесот кој се врши во рамките на индиректните субјекти.

(12) Одговорното лице за спречување на ПП/ФТ во индиректните субјекти кои се правни лица, должно е еднаш годишно да изврши контрола на спроведувањето на процесот за спречување на ПП/ФТ, и за истата да го извести органот на управување на индиректниот субјекти (надзорен одбор или неизвршни членови на одбор на директори).

(13) Субјектите при спроведување на сопствената редовна обука на вработените за примена на мерките и дејствијата утврдени со ЗСППТ, потребно е да ги вклучат во обуката индиректните субјекти кои се физички лица, како и одговорното лице за спречување на ПП/ФТ од индиректните субјекти кои се правни лица.

(14) Агенцијата еднаш годишно ќе ги информира субјектите за списокот на индиректни субјекти од аспект на критериумот - процентуално учество на БПП за животно осигурување во вкупната БПП на друштвото со состојба декември од претходната година. Ново основаните осигурително брокерски друштва за кои не може да се примени критериумот „процентуално учество на БПП за животно осигурување во вкупната БПП на друштвото, со состојба декември од претходната година“ се сметаат за индиректни субјекти.

(15) Субјектите на редовна основа, најдоцна еден месец од добиениот список на индиректни субјекти од Агенцијата, го ажурираат договорот за соработка со индиректните субјекти.

(16) За сите надлежности и почитување на обврските од ова упатство и ЗСППФТ на индиректните субјекти, а во врска со спречување на ПП/ФТ, одговара и субјектот кој го потпишал договорот за соработка со индиректниот субјект.

## ГЛАВА XI
## ВОНТЕРЕНСКО СЛЕДЕЊЕ И ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

### Член 24

(1) Агенцијата спроведува годишно вонтеренско следење и проценка на ризик во делот на спречување на ПП/ФТ на секој субјект, односно индиректен субјект.

(2) Проценката од став (1) на овој член Агенцијата ја спроведува преку анализа на одговорите на секој субјект, односно индиректен субјект на прашалник подготвен од страна на Агенцијата.

(3) Субјектите и индиректните субјекти се должни еднаш годишно соодветно и точно да го пополнат прашалникот од став (2) на овој член, кој прашалник го доставува Агенцијата до сите субјекти и индиректни субјекти на начин и во форма дефинирана од страна на Агенцијата.

(4) Покрај прашалникот од став (2) Агенцијата за целите на надзорот врз преземените мерки за СППФТ може да побара од субјектите/индиректните субјекти и други податоци, информации и статистики.

## ГЛАВА XII
## РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ

### Член 25

(1) Субјектите се должни да го применуваат Законот за рестриктивни мерки.

(2) Субјектите и индиректните субјекти во однос на Законот за рестриктивни мерки имаат обврска за регистрација на Рестриктивната веб платформа на Управата, активирање на профилот од страна на Управата и проверка на клиентите во консолидираната ажурирана листа на ЕУ и ОН за следење, објавени на веб страната на Управата и евидентирање дека е направена проверката во Образецот за проценка на ризик.

## ГЛАВА XIII
## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Усогласување на договорите**

### Член 26

Договорите кои друштвата за осигурување на живот ги имаат склучено со осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурување и физичките лица - застапници во осигурување, треба да се усогласат со одредбите на ова упатство во рок до два месеци од денот на влегувањето во сила на ова упатство.

**Престанување на прописи**

Член 27

Со денот на влегување во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за вршење на проценка на ризик од ПП/ФТ за субјектите под надзор на Агенцијата за супервизија на осигурување „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.168/2021.

**Влегување во сила**

Член 28

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 08-863/1
28 ноември 2023 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Крсте Шајноски,** с.р.

**ПРИЛОГ 1 ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИК**

**Број на понуда/полиса**______________________________________________________________________
**Назив на ДЗО/ОБД/ДОЖ**______________________________________________________________________
**Застапник/Брокер/Вработен во ДОЖ (име и презиме):**______________________________________________
**Телефон на Застапник/Брокер//Вработен во ДОЖ:**______________________________________________

**ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИК ОД ПП/ФТ**

**ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА КЛИЕНТОТ (Се пополнува со печатни букви)**

| | |
|---|---|
| Име и презиме/Назив на правното лице | ЕМБГ за физички лица / Даночен број за правни лица |
| Одговорно лице за правното лице | ЕМБГ на одговорното лице |

☐ **ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА**

| | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Дали е клиентот државјанин на некоја од високо ризичните земји кои се на тн.,,црна листа"? | 10 | 0 |
| Дали е клиентот носител на јавна функција? | 10 | 0 |
| Дали постојат било какви негативни сознанија или индиции за клиентот од средствата за јавно информирање или од некои други официјални или неофицијални извори? | 5 | 0 |
| Дали клиентот е проверен во базата на податоци во ДКСК? | 0 | 2 |
| Дали клиентот инсистира на тајност на трансакцијата или не може да се утврди потеклото на средствата? | 5 | 0 |
| Дали клиентот одбива или прави проблем при идентификација? | 5 | 0 |
| Дали клиентот е сопственик на повеќе полиси? ( во случај на потврден одговор, во забелешка да се наведе бројот на полиси и вкупната годишна премија ) | 1 | 0 |
| Дали клиентот е проверен во консолидираната ажурирана листа на ЕУ и ОН за следење (ова за делот на рестриктивни мерки, предлог?) | 0 | 1 |
| Дали клиентот плаќа премии кои се невообичаено високи со оглед на неговите примања и имотна состојба? | 5 | 0 |
| Дали плаќањето на еднократната премија го надминува износот од 15.000 €? | 1 | 0 |
| Не беше можно да се добијат наведените информации од клиентот. | 10 | |
| **ВКУПНО** | | |

**Висина на просечни месечни примања:** ☐ до 20.000 МКД; ☐ од 20.001 МКД до 50.000 МКД; ☐повеќе од 50.000 МКД; ☐Нема месечни примања
**Извор на приходи на клиентот:** ☐ редовна заработка; ☐семејни примања; ☐ исплата на осигурена сума од друга полиса; ☐ долгогодишна заштеда; ☐ тестамент; ☐ останато: __________________________________

☐ **ЗА ПРАВНИ ЛИЦА**

| | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Дали е сопственикот државјанин на некоја од високо ризичните земји кои се на тн. ,,црна листа"? | 10 | 0 |
| Дали вистинскиот сопственик на правното лице е носител на јавна функција? | 10 | 0 |
| Дали клиентот е проверен во базата на податоци во ДКСК? | 0 | 2 |
| Дали клиентот и неговиот вистински сопственик е активен во (i) сектори кои се изложени на поголем ризик од корупција, (пр.градежниот сектор, фармацевтскиот сектор, здравствениот сектор, трговијата со оружје и одбрана, рударската индустрија или секторот за јавни набавки); (ii) сектори кои се изложени на поголем ризик од ПП/ФТ, (пр.трансфер на пари, казина и организатори на игри на среќа или трговци со благородни метали (iii) сектори кои вклучуваат значителни износи на готовина; | 2 | 0 |
| Дали клиентот е проверен во консолидираната ажурирана листа на ЕУ и ОН за следење? | 0 | 1 |
| Дали постојат било какви негативни сознанија или индиции за клиентот од средствата за јавно информирање или од некои други официјални или неофицијални извори? | 5 | 0 |
| Дали клиентот инсистира на тајност на трансакцијата или не може да се утврди потеклото на средствата? | 5 | 0 |
| Дали клиентот за своите вработени плаќа невообичаено високи премии? | 2 | 0 |
| Дали клиентот договара полиси за лица кои не се вработени кај правното лице? | 2 | 0 |
| Дали клиентот е сопственик на повеќе полиси? (во случај на потврден одговор, во забелешка да се наведе бројот на полиси и вкупната годишна премија) | 1 | 0 |
| Дали плаќањето на еднократната премија го надминува износот од 15.000 €? | 2 | 0 |
| Не беше можно да се добијат наведените информации од клиентот. | 10 | |
| **ВКУПНО** | | |

**Извор на приходи на клиентот :** ☐ редовни приходи; ☐ исплата на осигурена сума од друга полиса; ☐ останато: ____________________________

| | |
|---|---|
| Датум: | Потпис на Застапник/Брокер/Вработен во друштво за осигурување: |
| Оценка на ризик од ПП/ФТ од ОБД – Субјект: | ☐ Ниско (0-4 бода) ☐ Средно (5-9 бода) ☐ Високо (10 и повеќе бодови) |

(табелата долу ја пополнува друштво за осигурување на живот)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ниво на ризик: | 1. Ниско (0-4 бода) | 2. Средно (5-9 бода) | 3. Високо (10 и повеќе бодови) | Датум: |
| Определил Овластено лице за СППФТ/Заменик на Овластено лице за СППФТ/вработен во Оддел за СППФТ во ДОЖ (име, презиме и потпис) | | | | |
| Дополнителна забелешка: | | | | |